РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ
AGJENCIA PËR RINI DHE SPORT

Бр.-Nr. 08-1107/1
10 -05- 2022 20 ___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на Член 37-а и 37-б од Зааконот за спорт („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 244/19) и член (5) и (7) од Уредбата за условите, кртериумите и начинот на доделување на категорија спортист – спортска надеж ( Службен весник на Репулика Македонија бр. 127/08 и 107/12) и Законот за организација и работа на органите на државната управа ( „Службен весник на РМ“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11, 96/19 и 110/19), Директорот на Агенцијата за млади и спорт, донесе:

# ПРАВИЛНИК

## За критериумите и водење на постапката за доделување и определување на годишниот број на категоризирани спортисти во категоријата спортист – Спортска надеж

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој правилник се утврдува постапката за :
- Доделување на категоријата спортист – Спортска надеж
- Определување на годишниот број на категоризирани спортисти во категоријата спортист – Спортска надеж во националните спортски федерации
- Критериумите и начинот на доделување на категоријата спортист – Спортска надеж

## II. КРИТЕРИУМИ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КАТЕГОРИЈАТА СПОРТИСТ – СПОРТСКА НАДЕЖ

### Член 2

(1) Во постапката за доделување на категоријата спортист – спортска надеж учествуваат:

- Спортистот и клубот во кој е активен спортистот;
- Националната спортска федерација и
- Агенцијата за млади и спорт

(2) Спортистот и клубот во кој е активен спортистот, учествуваат во националниот систем на натпревариири организиран од односната федерација за млади спортисти до 20 години во натпреварувачката година.

(3) Националната спортска федерација ги рангира спортистите на Ранг листа на најуспешни млади спортисти до 20 години, согласно нивната старосна категорија, при што критериум и услов е спортистот до 31-ви Август во годината што тече да не наполнил 20 години.

(4) Националната спортска федерација организира национален систем на натпревари за млади спортисти до 20 години и за истите води уредна документација и билтени од натпревари за секоја натпреварувачка година.

(5) Националната спортска федерација секоја година објавува Ранг листа на најуспешни млади спортисти до 20 години, врз основа на донесени критериуми од страна на органите на федерацијата, со кои се вреднуваат остварувањата на младите спортисти во националниот и меѓународен систем на натпревари.

(6) Агенцијата за млади и спорт еднаш годишно објавува Листа на категоризирани млади спортисти во категоријата спортист – Спортска надеж, врз основа на утврдена процедура и предлози за категоризирање на млади спортисти од националните спортски федерации.

## Член 3

(1) Агенцијата за млади и спорт, најдоцна до 30-ти Јуни од тековната година, упатува Барање до националните спортски федерации да и достават:

- Извештај за остварени спортско – технички резултати на категоризираните млади спортисти на кои им е доделена категоријата спортист – спортска надеж за периодот од 1 -ви Септември во годината што изминала до 30-ти Јуни во годината што тече.
- Апликација - ранг листа на најуспешните млади спортисти, како можни кандидати за доделување на категоријата спортист – спортска надеж за тековната година.
- Категоријата спортист - спортска надеж се доделува врз основа на остварени резултати на официјални државни и меѓународни натпревари за возрасни категории до 20 години, во олимписки и неолимписки спортови.
- Предлог со апликација за доделување на категоријата спортист – Спортска надеж на млади спортисти до 20 години (апликациите - ранг листи П1, П2 и П3 се составен дел на правилникот).
- Критериуми за вреднување на спортските остварувања на младите спортисти до 20 години во националната спортска федерација.

(2) Националните спортски федерации најдоцна до 1 -ви Август во тековната година, доставуваат извештај, апликација - ранг листа на најуспешните млади спортисти, како можни кандидати за доделување на категоријата спортист – Спортска надеж во пишана и електронска верзија до Агенцијата за млади и спорт и истите ги објавува на својата веб страна најкасно до 1 –ви Август од годината што тече.

(3) Ранг листа на најуспешните млади спортисти и предлогот со апликацијата-ранг листа на можни кандидати за доделување на категорија спортист – Спортска надеж се темели на спортско техничките резултати на младите спортисти остварени во периодот од 1-ви Јули на годината што изминала до 30-ти Јуни на годината што тече.

(4) Националните спортски федерации кои најдоцна до 1–ви Август од годината што тече, нема да достават извештај, апликација - Ранг листа на најуспешните млади спортисти, како можни кандидати за доделување категоријата спортист – Спортска надеж, го губат правото да предлагаат млади спортисти од својата федерација за добивање на категоријата спортист – Спортска надеж за периодот од 30-ти Јуни од тековната година до 29-ти Јули наредната година.

## Член 4

(1) Извештаи, апликации - ранг листи на можни кандидати за доделување категоријата спортист – спортска надеж доставени од националните спортски федерации во олимписките и неолимписките спортови :

- Индивидуални спортови: националните спортски федерации доставуваат билтени за остварените резултати, со аргументи за предложените спортисти врз основа на остварените спортско – технички резултати на национални, регионални, европски и светски натпревари на спортистите до 20 години.
- Екипни спортови: националните спортски федерации доставуваат билтени за настапи на национални тимови за федереациите за квалитетот и перспективите на предложените млади спортисти.
- Федереациите кои организираат спортски систем на натпревари во полиструктурни спортови (Федерација на училишен спорт, Федерација за слепи и слабовидни лица, Федерација за спорт на лица со оштетен слух) доставуваат аргументи согласно предлогот на листата, во однос на остварувањата и учеството на спортистите.

**Член 5**

(1) Националните спортски федерации од Член 4 на овој Правилник, до Агенцијата за млади и спорт, доставуваат апликации – ранг листи објавени на web страната на Агенција за млади и спорт (П1-индивидуални спортови, П2-екипни спортови, П3 – полиструктурни спортови).

(2) Заедно со апликациите-ранг листите П1, П2 и П3 кои Агенцијата ги објавува на својата веб страна, националните спортски федерации треба да достават и:

- Доказ за македонско државјанство за предложениот спортист;
- Копија од трансакциска сметка на спортистот;
- Изјава на спортистот со која се согласува дека односната национална спортска федерација и Агенцијата за млади и спорт ќе можат да ги користат и обработуваат неговите лични податоци исклучиво за целите и потребите на проектот категоризирани спортисти –Спортска надеж, согласно Законот за заштита на личните податоци. (Изјавата е составен дел на Правилникот)

(3) Агенцијата за млади и спорт, апликациите-ранг листите П1, П2, П3 и Изјавата за заштита на лични податоци, ги објавува на својата Веб-страна, најдоцна до 1 јуни во тековната година.

(4) Националните спортски федерации одговараат за точноста и веродостојноста на податоците во апликациите од став (2) на овој член и почитување и примена на критериумите за вреднување на спортските резултати на можните кандидати за добивањена категорија спортист – Спортска надеж.

**Член 6**

(1) Пристигнатите извештаи, апликации-ранг-листи на можни кандидати за доделување на категоријата спортист – Спортска надеж доставени од националните спортски федерации ги обработува Комисија за стручно – техничка обработка на примената документација (во понатамошниот текст Комисијата ), формирана со Одлука на директорот на Агенцијата за млади и спорт.

(2) Комисијата е составена од вработени/ангажирани лица во Агенцијата за млади и спорт.

(3) Комисијата до 15-ти Август во тековната година на директорот му доставува Извештај со преглед за пристигнатите извештаи, апликации -ранг-листи на можни кандидати за доделување на категоријата спортист – Спортска надеж доставени од националните спортски федерации, за комплетно и навремено доставување.

(4) Комисијата во Извештајот го запазува редоследот на кандидатите за стекнување на категоријата спортист – Спортска надеж согласно предложените ранг-листи од страна на националните спортски федерации по бодови во низа во согласност со утврдениот број на стипендии на годишно ниво

(5) Комисијата има право да бара дополнителни информации и податоци од националните спортски федерации за предложените можни кандидати за доделување категорија спортист – Спортска надеж.
(6) Националните спортски федерации се должни да ги достават бараните информации на меил, до Комисијата, по однос на поднесеното Барање до соодветната национална федерација за дополнителни информации и податоци.

# III. Определување на годишниот број на категоризирани спортисти во категорија спортисти – Спортка надеж во националните спортски федерации

### Член 7

(1) Годишниот број на стипендии се распределува во националните спортски федерации од Член 4 на овој Правилник, врз основа на бројот на клубови, спортисти и остварените резултати и напредок на младите спортисти.
(2) Комисијата врз основа на доставените годишни извештаи, апликации -ранг листи на најуспешните млади спортисти, како можни кандидати за доделување на категоријата спортист – Спортска надеж од националните спортски федерации, како и врз основа на бројот на клубови, спортисти и претходно утврдениот број на стипендисти, му предлага на Директорот број на стипендии по федерации, кои ќе се исплаќаат во периодот од 1-ви Септември од годината што тече до 30-ти Јуни наредната година.
(3) Директорот на Агенцијата за млади и спорт, предлогот на Комисијата за бројот на стипендии по федерации кои ќе се исплаќаат во периодот од 1-ви Септември од годината што тече до 30-ти Јуни наредната година, го доставува до Советот за спорт, заедно со целата доставена документација од националните спортски федерации (извештаи, апликации/ранг- листа), со Барање да го утврди точниот број на стипендисти за секоја федерација т.е да ја потврди или измени предлог листата доставена од Комисијата.
(4) Директорот на Агенцијата за млади и спорт, врз основа на Предлог одлуката која ја носи Советот за спорт, носи ОДЛУКА за годишниот број на млади спортисти по федерации и според неа се врши доделување и исплата на стипендии по федерации во периодот од 1-ви Септември од годината што тече до 30-ти Јуни наредната година.
(5) По донесувањето на ОДЛУКА за доделување на категорија спортист – Спортска надеж за периодот од 1-ви Септември од годината што тече до 30-ти Јуни наредната година, Агенцијата за млади и спорт објавува Листа на категоризирани спортисти во категоријата спортист – Спортска надеж.
(6) Листата се објавува во Службен весник на Република Северна Македонија заклучно со 30-ти Август во тековната година.

## IV. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ НА КАТЕГОРИЗИРАНИТЕ СПОРТИСТИ

**Член 8**

(1) Националната спортска федерација, после објавувањето на Листата на категоризирани спортисти во категоријата спортист – Спортска надеж, посредува при релиазацијата на сите формално правни активности со кои спортистот ќе може да оствари право на паричен надоместок и други права на категоризиран спортист.

(2) Директорот на Агенцијата за млади и спорт донесува Решение и потпишува договор со секој спортист одделно за неговите права и обврски.

(3) Времетраењето на користењето на паричниот надоместок е 10 месеци.

(4) Месечниот паричен надоместок престанува да се исплаќа на категоризираниот спортист доколку спортистот не ги исполнува обврските кон клубот и националната спортска федерација, а врз основа на покрената постапка на од националната спортска федерација.

## V. Преодни и завршни одредби

**Член 9**

(1) Толкување на одредбите од овој Правилник, дава Агенцијата за млади и спорт.

**Член 10**

(1) Со донесувањето на овој Правилник, престанува да важи Правилникот под број 01-1211/1 од 28.05.2021 година

**ДИРЕКТОР**

**Наумче Мојсовски**